# Општинско основно училиште „Кирил и Методиј“ - Свети Николе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0201-308/2
18.07 2022 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ





# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето во учебната 2021/2022 година

**јуни 2022**

Годишниот извештај за работата на ООУ „Кирил и Методиј“ е изработен според Законот за Основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/2022 година, Анекс програмите кои се составен дел на Годишната програма, Правилникот за формата и содржината на Годишната програма, укажувањата на одговорниот советник на Бирото за развој на Р. Македонија, Државниот просветен инспектор, извештаи на наставниците, стручната служба, стручните активи, Самоевалуацијата на училиштето, Советот на родители и Училишниот одбор. Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставната и воннаставната активност, проектите кои се реализираат во училиштето, грижата за здравјето на учениците, училишната клима и односите во училиштето, вклученоста на семејствата во училиштето, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

***ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО***

- ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Свети Николе е лоцирано во централното градско подрачје на ул. ,,Ангел Трајчев“ бр. 40, Свети Николе. Започнува со работа во далечната 1969 година во сега постоечката училишна зграда, во која учеа учениците од петто до осмо одделение.

- На 29.6.1973 год. единственото основно училиште во градот, со Одлука бр. 02-1071/14 на Собранието на општина Свети Николе беше поделено на две училишта, што го означува и почетокот на работата на ООУ „Кирил и Методиј“ со статус на самостојно училиште. Училиштето започна да работи со 27 паралелки, од кои 12 паралелки во одделенска настава и 13 паралелки во предметна настава, како и две групи ученици во претшколско образование (забавиште). Вкупниот број на ученици во 1973/74 год. изнесуваше 784. Во тој период како подрачни училишта припаѓаа и училиштата во селата Долно Ѓуѓанце, Павлешенци и Стањевци, со вкупно 5 комбинирани паралеки од прво до четврто одделение.

- Денеска училиштето работи во две смени и има вкупно 34 паралелки од прво до деветто одделение. Една паралека за деца со посебни образовни потреби во склоп на училиштето, една комбинирана паралека во подрачното училиште со ученици во прво, трето, четврто и петто одделение. Наставата во паралелката со продолжен престој не се реализираше оваа учебна година поради новонастаната ситуација со пандемијата од Ковид-19. Наставата се изведува на македонски јазик.

Училиштето е отворено за соработка со надлежните воспитно-образовни институции, редовно следи и реализира одредени проекти од областа на иновациите во наставата и соработува со други училишта и со Локалната заедница.






| | |
|---|---|
| **Име на училиштето:** | ООУ ,,Кирил и Методиј” |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Ангел Трајчев“ бр.40, Свети Николе |
| **Контакт податоци: тел./факс:** | 032/443-110 |
| **Е-маил:** | oukirilimetodij@yahoo.com |
| **Основано од:** | Собрание на општина Свети Николе, 29.6.1973 год. |
| **Верификационен број:** | 02-1071/14 |
| **Година на верификација:** | 1973 год. |
| **Јазик на кој се изведува наставата:** | македонски јазик |
| **Година на изградба на училишната зграда:** | 1969 год. |
| **Тип на градба:** | масивна |
| **Вкупна површина:** | 3644 $м^2$ |
| **Вкупна површина на училиштен двор:** | 8785 $м^2$ |
| **Училиштето работи во смени:** | две |
| **Начин на загревање во училиштето:** | сопствено парно греење |
| **Број на одделенија:** | 9 |
| **Број на паралелки:** | 34 паралелки + 1 паралелка за ученици со посебни образовни потреби + 1 паралелка во подрачното училиште, вкупно 36; |
| **Број на смени:** | 2 |
| **Статус на еко-училиште:** | / |

## Просторни услови за работа на училиштето

| | ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ | ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 | 1 |
| Училиштен двор | 6785м2 | 2000м2 |
| Број на подрачни училишта | 1 | 1 |
| Бруто површина на објект | 10364м2 | 2210м2 |
| Нето површина | 3579м2 | 210м2 |
| Број на спортски терени - спортска сала | 1 | / |
| Број на катови | 2 | / |
| Број на училници | 16 | 1 |
| Број на помошни простории | 4 | 1 |
| Специјализирани училници | 7 | / |
| Училишна библиотека | 1 | / |
| Канцеларии | 7 | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење | Сопствено греење |

# ***Материјално–технички услови***

- Во периодот јули/август 2021 год. беше извршена реконструкцијата на тоалетите при спортската сала на училиштето и нивна адаптација за лица со инвалидитет, која опфати поставување на пристапна рампа, специјализирани тоалетни единици, поставување на хидроизолација и термоизолација, висококвалитетни керамички плочки, санитарии и нови ПВЦ врати, со што се обезбеди високо ниво на санитарно хигиенски услови во овој дел на училиштето.
- Во август 2021 год. е започната реконструкцијата на подовите на приземјето, двата ката, ходниците (а делот со скали во училиштето се заврши за време на зимскиот одмор на учениците), со поставување на самоналивен, епоксиден под кој има висока отпорност на абење и хемикалии и текстура отпорна на лизгање за намален ризик од повреди на влажни површини. Претставува еколошко решение, обезбедува комфор под стапалата на места каде стоењето е во подолг период, ја намалува бучавата при движење и е многу лесен за одржување.
- Од 1-ви септември започна да работи како Центар за поддршка на учењето на учениците со посебни потреби од сите општински училишта.
- ДПТТУ ,,Јоopone" на ден 14.12.2021 год. нè обезбеди со 5 колички за лица со телесни инвалидитет, со цел остварување јавен интерес кој се состои во поддржување и унапредување на образовниот процес и помагање на учениците со посебни образовни протреби – Донацијата на фирмата е обезбедена преку Основното училиште со ресурсен центар ,,Маца Ѓеорѓиева Овчарова" – Велес.
- Набавени се нови клупи и висококвалитетни столчиња со анатомско седло, со што уште неколку училници се опремени со комплетно нов инвентар.
- Набавени се нови 9 смарт телевизори во ООУ ,,Кирил и Методиј" – Свети Николе со 50" (126 cm) екран и висока резолуција. Со претходните 2 телевизори – донација, сега веќе 11 училници се опремени со овој вид на технолошки помагала, со цел интересна и ефективна настава.
- Набавени се голем дел нагледно-наставни средства и помагала за работа согласно новите наставни програми во 1-во и во 4-то одделение.
- Набавени се 64 таблети за сите ученици во 4-то одделение во централното и во подрачното училиште, како и една интерактивна табла и ЛЦД проектор.
- За учениците се обезбедени бесплатни учебници. На секој кат има опремено по 2 училници со функционални компјутери од проектот „Компјутер за секое дете ".
- Набавени се 5 нови деск-топ компјутери за наставниците, додека постарите компјутери се надградени за да ги поддржуваат новите дигитални апликации и алатки.
- Училишната библиотека располага со богат книжевен фонд од лектирни дела за сите одделенија, слободна и стручна литература и медиотека со разни компакт дискови. За новата учебна година обезбедени се голем број на нови лектирни изданија за учениците од I до IX одделение предвидени според новата програма по македонски јазик.
- Во текот на летниот распуст 2021 год. во една од просториите во сутеренскиот дел на училиштето кои минатата година беа комплетно реновирани беше опремена сензорна соба преку проектот "From disability to food ability", финансиран од Шведската организација за развој и Националната федерација на фармери, со што во ООУ ,,Кирил и Методиј" – Свети Николе, кое од оваа учебна година почнува да функционира како Центар за поддршка за учењето на учениците со посебни образовни потреби, со што се подобруваат условите за работа.
- Нашето училиште аплицираше со проект за целосна реконструкција на електричната инсталација во училишната зграда на јавен повик на МОН за финансирање на проекти за реновирање на училишни објекти со средства од Буџетот на Министерството за образование и наука. Проектот е одобрен од страна на МОН и неговата вкупна вредност изнесува 1.528,862 денари и истиот почна да се реализира во текот на месец ноември, а успешно се заврши до крајот на првото полугодие.
- Опремен е еден кабинет по природни науки со целосно модерна опрема за работа на учениците во лабараториски услови.
- Реконструиран е целиот простор на таванскиот дел во кабинетот по физика – донација од изведувачот МАКАУС Благој ДООЕЛ – Скопје,

- Во подрачното училиште во с. Долно Ѓуѓанце исто така се обезбедени нови наставно - нагледни средства и помагала согласно новите наставни програми во 1-во и во 4-то одделение, како и компјутер и таблет.
- Опремен е кабинетот по информатика со 13 нови десктоп компјутери со средства од Буџетот на општина Свети Николе.



























androidtv 9.0
4K
ULTRAHD
1.5GB RAM
8GB ROM
Wi-Fi BUILT IN
st
superior technology
ST-50TX7800
50”
126cm
INCH
Enjoy Sharing Life
REGULAR TV
FRAMELESS DESIGN


tab M10 HD





- ***Членови на Училиштен одбор:*** Милица Тосевска–Апостолова – претседател (Совет на родителии), Каролина Андушова – заменик претседател (Совет на родители), Кети Димкова – стручна служба, Дијана Д. Тосева – предметен наставник, Соња Петкова – предметен наставник, Катерина Јованчева – Совет на родители, Благој Коцев – основач.

- ***Членови во Советот на родители:***

| Име и презиме | | |
|---|---|---|
| 1-1 Томислав Арсовски | 4-1 Елена Златева | 7-3 Катерина Јованчева |
| 1-2 Сашка Трајчева-Стаменкова | 4-2 Фросина Глигоров | 7-4 Игор Манев |
| 1-3 Дејан Гичев | 4-3 Весна Стефанова-Митева | 8-1 Милица Тосевска Апостолова |
| 1-4 Христина Стошиќ | 4-4 Маријан Серфимов | 8-2 Ленче Динушева |
| 2-1 Снежана Мицевска | 5-1 Наташа Ордева | 8-3 Татјана Василкова |
| 2-2 Василка Николова | 5-2 Фросина Саздевска | 8-4 Каролина Андушева |
| 2-3 Христина Стаменкова | 5-3 Елеонора Масевска-Илиева | 9-1 Елена Георгиевска |
| 2-4 Катерина Иванова | 6-1 Марија Манасова-Коцева | 9-2 Марија Адрамнова |
| 3-1 Јулијана Донева | 6-2 Алекасандра Симоновска | 9-3 Маја Гелева |
| 3-2 Никола Донев | 6-3 Фросина Трајчева | 9-4 Маја Панева |
| 3-3 Емилија Стоилев | 7-1 Деспина Станкова | ПОП Ангелче Наумов |
| 3-4 Татјана Петровска | 7-2 Лазо Донев | с. Д. Ѓуѓанце - Бранкица Арсовска |

- ***Стручни активи: Природно-математички актив: Соња Петкова и Соњица Давкова***

  ***Општествено-јазичен актив: Дијана Д.Тосева и Кирил Трајчев***

  ***Спортско-уметнички актив: Маја Е. Стојанова и Даниела Петкова***

  ***Актив на одделенска настава: Билјана Јордановска и Александра Рисафова***

  Активности - креирање на електронска платформа со прашања и со предлози, креирање профили за комуникација меѓу наставниците, родителите и учениците, предлагаат иновации во наставните програми, предлагаат теми за обуки на наставниците, планираат нагледни часови, десиминација од посетени семинари, предлагаат теми за предавање од стручната служба во училиштето.

- ***Одделенски совети (број на наставници): 21 – одделенска настава, 33 – предметна настава.***

- ***Членови на Ученичка заедница:*** *36 ученици од прво до деветто одделение.*

# НАСТАВЕН КАДАР И НЕНАСТАВЕН КАДАР

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработени | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 80 | 19 | 60 | | | | | | | | 1 |
| Број на наставници кои реализираат одделенска настава | 21 | 2 | 19 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар во предметна настава | 33 | 8 | 24 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на стручни соработници | 6 | / | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 16 | 9 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошник-директор | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | 60 |
| **Виша стручна спрема** | 3 |
| **Средно образование** | 7 |
| **Основно образоване** | 7 |
| **М-р** | 3 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 36 |
| 41-50 | 20 |
| 51-60 | 20 |
| 61-пензија | 1 |

**Ученици:**

| Одделение | Бр. на паралелки | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| I | 4 | 34 | 27 | | | | | | | 61 |
| II | 4 | 22 | 36 | / | / | / | / | / | / | 58 |
| III | 4 | 39 | 22 | / | / | / | | / | / | 61 |
| IV | 4 | 33 | 21 | / | / | / | / | / | / | 54 |
| V | 3 | 35 | 24 | / | / | / | / | / | / | 59 |
| VI | 3 | 34 | 23 | / | / | / | 1 | / | / | 58 |
| VII | 4 | 33 | 36 | / | / | / | / | / | / | 69 |
| VIII | 4 | 22 | 33 | / | / | / | / | | / | 55 |
| IX | 4 | 45 | 30 | / | / | / | / | / | / | 75 |
| Вкупно | 34 | 303 | 256 | / | / | / | 1 | / | / | 550 |
| Паралелка за ученици со ПОП | 1 | 2 | | / | / | / | / | / | / | 2 |

## *Подрачно училиште во с. Долно Ѓуѓанце*

Училиштето е од развиен тип и во него се образуваат ученици, започнувајќи од I до IX одд. Во склоп на училиштето работи и подрачното училиште во село Д. Ѓуѓанце каде наставата се изведува од прво до петто одделение.

| Одделение | Број на паралелки | Машки | Женски | Број на ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 1 | | 1 | 4 |
| II | | | 1 | 1 | |
| IV | | 1 | | 1 | |
| V | | 1 | | 1 | |



## МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**ООУ „Кирил и Методиј“ –**
**синоним за квалитетно образование за сите ученици, користејќи современи методи и облици на работење. Поттикнува развој на општа култура, трасира пат за личен раст и развој на ученикот. Со отворена комуникација се создава топло, пријатно и поттикнувачко опкружување.**
**Негува доблесни, морални и етички вредности, како и мултиетничка толеранција.**

## ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**„ОД ВРУТОЦИТЕ НА ОСНОВНО, КОН УТОКАТА НА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ“**

- ***Стекнати искуства***

Во изработка на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализита на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето. Годишната програма на ООУ ,,Кирил и Методиј“ е изработена врз основа на:

- ***Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците, опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал, примената на ИКТ.***
- ***Континуираното одржување на хигиената во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) овозможија услови за здрав живот.***
- ***Соработката со родителите, известувањето и препораките за напредокот на нивните деца покажа подобар резултат за успехот на учениците.***
- ***Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците даде добри резултати во модернизација и усовршување на наставата.***
- ***Вклученоста на училиштето во неколку проекти води кон добри резултати.***
- ***Уредувањето на кабинетите, училишните работилници, игралиштата, училишниот двор и слично ја направи училишната средина пријатно место за работа, учење и престој.***
- ***Со изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците, континуирано се следат постигањата и успехот на учениците.***
- ***Големиот број на млад, високообразовен стручен кадар и наставниците со долгогодишно работно искуство се темел на квалитетот на работата во училиштето. Промоција на училиштето преку локалните медиуми, блог страната, ВЕБ страната и ФБ страната.***

## ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Училиштето континуирано ја следи својата работа преку самоевалуација, а како резултат на неа и имајќи ја предвид визијата на училиштето и програмата за развој, констатирана е потребата од промени во следните области во насока на подобрување и усовршување:

- Поголема вклученост на родителите во животот и во работата на училиштето;
- Планирање и реализирање на повеќе вонnаставни активности;
- Воспоставување на поголема заемна соработка на ниво на стручни активи;
- Развивање на поголема интеракција и соработка помеѓу ученик-ученик и ученик-наставник;
- Професионален развој на наставниот кадар;
- Зајакнување на капацитетот на ученичката заедница;
- Индивидуална работа со децата од ПП и инклузираните уценици кои имаат наод и мислење од стручен тим;
- Користење на различни начини на информирање на родителите и на јавноста за активностите кои се реализираат во училиштето;
- Збогатување на училишните библиотеки со лектири и стручна литература и нивно дигитализирање;
- Набавка на нови нагледни средства потребни за успешно реализирање на наставата;
- Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето и естетско уредување;
- и други промени сѐ со цел благовремено надминување и елиминирање на согледаните негативности и слабости во текот на учебната година.

Утврдени приоритети за промени за тековната учебна година:

ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе за тековната учебна година ги утврдува следните приоритети:

- **Поголема поддршка во реализирање на младински активизам во училиштето;**
- **Меѓусебна соработка меѓу наставниците во процесот на реализирање на современа настава;**
- **Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето и естетско уредување**.

# Акциски план

| *Приоритети* | *Задачи* | *Активности* | *Време на реализација* | *Одговорни лица* |
|---|---|---|---|---|
| ***1. Изградба на алтернативни скали во училиштето*** | Подобрување на безбедноста во училиштето. | Изработка на потребна документација.<br>Стапување во контакт со донатори. | јули – август 2022 год. | Комисија за јавни набавки, изведувач; |
| ***2. Проверка на стабилноста и евентуална санација на настрешницата на влезот во училиштето*** | Безбедност на движењето на учениците | Проверка на стабилноста и евентуална санација на настрешницата на предниот влез над скалите во училиштето. | јуни – август 2022 год. | Комисија за јавни набавки, изведувач; |
| ***3. Набавка на шкафови за заштита и чување на нагледно-наставните помагала во училниците*** | Подобрување на условите за работа, подобра заштита на нагледно-наставните помагала во училниците. | Детектирање на постоечката состојба.<br>Изработка на потребна документација.<br>Стапување во контакт со донаторите. | септември – октомври 2022 год. | Комисија за јавни набавки; |
| ***4. Реновирање во ПУ во с. Долно Ѓуѓанце*** | Подобрување на условите за работа. | Детектирање на постоечката состојба.<br>Изработка на потребна документација.<br>Поправка на внатрешните ѕидови, прозорци и врати. | јуни – август 2022 год. | Комисија за јавни набавки, изведувач; |
| ***5. Набавка на најмалку две интерактивни табли и два ЛЦД проектори*** | Подобрување на условите за работа, мотивирање на наставниците и на учениците. | Детектирање на постоечката состојба.<br>Изработка на потребна документација.<br>Стапување во контакт со донаторите. | јануари – февруари 2022 год. | Комисија за јавни набавки; |
| ***6. Опремување на медиотека и сензорна соба*** | Подобрување на условите за работа. | Детектирање на постоечката состојба.<br>Изработка на потребна документација.<br>Стапување во контакт со донаторите. | април – мај 2022 год. | Комисија за јавни набавки. |

## *ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ*

*ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ*

| *Приоритети* | *Критериуми за успех* | *Инструменти* | *Индикатори за успешност* | *Одговорни за следење* |
|---|---|---|---|---|
| ***Изградба на алтернативни скали во училиштето*** | Подобрена безбедност во случај на елементарни непогоди | Документација од извршени градежни работи | Безбедно училиште | Изведувач, надзорен орган; |
| ***Проверка на стабилноста и евентуална санација на настрешницата на влезот во училиштето;*** | Безбедност на движењето на учениците; | Санација на настрешницата над скалите при влезот во училиштето; | Безбедно училиште | Изведувач, надзорен орган; |
| ***Набавка на шкафови за заштита и чување на нагледно-наставните помагала во училниците;*** | Поквалитетна настава, мотивирани наставници и ученици, подобри резултати; | Набавени, нагледни и технички средства; | Поквалитетна настава, подобри резултати; | Комисија за набавки; |
| ***Реновирање во ПУ во с. Долно Ѓуѓанце;*** | Подобрување на условите за работа; | Поправка на внатрешните ѕидови, прозорците и вратите; | Подобрена изолација и заштеда на топлотна енергија; | Изведувач, надзорен орган; |
| ***Опремување на медиотека и сензорна соба;*** | Поквалитетна настава, мотивирани наставници и ученици, подобри резултати во наставата. | Набавен инвентар. | Подобрени услови за изведување настава, поквалитетна настава. | Изведувач. |

**Календар за организацијата и работата во основното училиште**

Учебната 2021/2022 год. започна на 1.9.2021 год., а ќе заврши на 31.8.2022 год. Наставата ќе се одвива согласно насоките од Министерството за образование и наука на РСМ во координација со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на РСМ заради настанатата пандемија со коронавирусот. Наставната година за учениците ќе заврши на 9.6.2022 год. Зимскиот распуст на учениците поради влошената епидемиолошка состојба се продолжи за 8 наставни денови.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија: I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2021 година, а завршува на 30 декември 2021 година. Второто полугодие започнува на 1 февруари 2021 година, а завршува на 9 јуни 2022 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2021 година, а завршува на 1 февруари 2022 година. Летниот одмор започнува на 10 јуни 2022 година, а завршува на 31 август 2022 година.

## *КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА*

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

## КАЛЕНДАР
## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

- **Член 1**
- Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовната дејност и ученички одмор за учебната 2021/2022 година.
- **Член 2**
- Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2021 година, а завршува на 31 август 2022 година. Наставната година започнува на 1 септември 2021 година, а завршува на 9 јуни 2022 година.
- **Член 3**
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2021 година и завршува на 30 декември 2021 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2022 година и завршува на 9 јуни 2022 година.
- **Член 4**

- Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2021 година, а завршува на 19 јануари 2022 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 3 јануари 2022 година до 12 јануари 2022 година користат платени неработни денови. Летниот одмор започнува на 10 јуни 2022 година, а завршува на 31 август 2022 година.

**<u>Измени во календарот за учебната 2021/22 година</u>**

***К А Л Е Н Д А Р***
***ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА***

***Член 1***

***Во Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 159/21), во член 3 во ставот 3 зборовите „20 јануари“ се заменуваат со зборовите „1 февруари“.***

***Член 2***

***Во член 4 во ставот 2 зборовите „19 јануари“ се заменуваат со зборовите „31 јануари“.***

***Во ставот 3 по зборовите „12 јануари 2022 година“ се додаваат зборовите „и од 20 јануари до 26 јануари 2022 година“.***

***Член 3***

***Во членот 7 бројот „180“ се заменува со бројот „172“.***

***Член 4***

***Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.***

- **Член 5**

- Основните училишта во времето од 13 јуни до 24 јуни 2022 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 19 август 2022 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

- **Член 6**
- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
-

- **Член 7**
- Во учебната 2021/2022 година наставата се остварува во 180 наставни денови.
- **Член 8**
- На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се наставни денови, кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.
- **Член 9**
- Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар престанува да важи Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/20, 209/20 и 236/20).
- **Член 10**
- Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2021 година.

| | |
|---|---|
| **Бр. 12-9728/2**<br><br>**Бр. 12-674/1** | **Министер за образование и наука** |
| 9 јули 2021 година<br><br>Скопје<br><br>**18.1.2022 година**<br><br>**Скопје** | Мила Царовска, с.р.<br><br>**доц. д-р Јетон Шакири** |

# НАСТАВА

***Вид на настава***

Основната и најважната задача на училиштето е организација на воспитно-образовна дејност. За начинот и организирањето на наставата и другите активности во основното училиште се користи Законот за основно образование и упатствата на МОН и на БРО на Република Македонија и при тоа се води сметка за ангажираноста на наставниците во реализацијата на наставата по задолжителни и изборни предмети.

Во училиштето ќе бидат организирани следните видови на настава: настава по задолжителни предмети, настава по изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава. Продолжен престој оваа година нашето училиште не реализира поради новонастаната состојба со коронавирусот.

***Организација на задолжителната настава:***

Наставата се реализираше по распоред за работа на седмичен фонд на часови од редовните, дополнителните, додатните часови, слободните активности и изборните предмети. Распоредот на часовите се реализираше во две смени со траење на часовите до 40 минути со физичко присуство.

За успешна реализација на наставната работа, наставниците си изработија годишни глобални планирања кои ги опфатија програмските содржини и тематски планирања, со цели, задачи, активности и време на реализација.

Реализацијата на часовите од редовната настава во училиштето од I до IX одделение во учебната 2021/22 година во проценти изнесува **99,4 %**. Од I до V одд. изнесува 99,96 **%,** додека од VI до IX одд. изнесува **99,12 %.** Во подрачното училиште во с. Д. Ѓуганце наставата е реализирана со физичко присуство во прво одд. **100** %, во второ одд. **100 %** и во четвро одд. **100 %**, петто одд. **100 %** или вкупно **100%**. Процентот на реализација на часовите од редовната настава во посебната паралелка во трето одд. (физичко присуство) изнесува **100%**, како и во деветто одделение.

Основните училишта во времето од 13 јуни до 24 јуни 2022 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 19 август 2022 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

**Реализирани се вкупно 160 работни наставни денови.**

***Извршители во одделенска настава во учебната 2021/22 година:***

| ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **паралелка** | **Име и презиме на одделенскиот наставник** | **паралелка** | **Име и презиме на одделенскиот наставник** |
| **I-1** | Јасмина Мишева | **III-3** | Емилија Стојанова/Сања Накова |
| **I-2** | Ружица Атанасова | **III-4** | Славица Конева |
| **I-3** | Билјана Јордановска | **IV-1** | Александра Рисафова |
| **I-4** | Даниела Јанева | **IV-2** | Татјана Апостолова |
| **II-1** | Фимка П. Арапиноска | **IV-3** | Снежана Мишевска |
| **II-2** | Лидија Миланова | **IV-4** | Лидија Лазева |
| **II-3** | Валерија Ивановска | **V-1** | Катерина Стоилевска |
| **II-4** | Катерина Митева | **V-3** | Марија И.Зафирова |
| **III-1** | Елена Гавевска | **V-4** | Иле Михајловски |
| **III-2** | Наташа Трајчева | **Комбинирана паралелка во ПОУ ,,Кирил и Методиј“ с. Долно Ѓуѓанце** | Валерија Маџова |

| Комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби | |
|---|---|
| **Име и презиме на специјалниот едукатор и рехабилитатор** | Драгана Митрушева |

*Извршители во предметна настава по предмети и одделенија за учебната 2021/2022 година:*

# РАСПРЕДЕЛБА НА ЧАСОВИТЕ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА во учебната 2021/2022 година

| | Име и презиме | Предмет | одделение | Одделенски раководител | бр. часов | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Анета Ивановска /Македонка Додевска | Македонски јазик | $8^{1 2 3 4}$; $9^{1}$; | $8^{1}$ | 20 | 21 |
| 2 | Анастазија Саздова | Македонски јазик | $6^{1}$; $7^{1 2 3 4}$; | $7^{2}$ | 20 | 21 |
| 3 | Фросина Златевска | Македонски јазик | $6^{2 3}$; $9^{2 3 4}$; | | 20 | 20 |
| 4 | Изабела Гоџоска<br>Саша Мицевска | Англиски јазик | $4^{1 2 3 4}$, $6^{2}$; $8^{4}$; | | 20 | 20 |
| 5 | Горица Коцева | Англиски јазик | $2^{1}$; $6^{1 3}$ ; $7^{1 2 3 4}$; | $7^{1}$ | 20 | 21 |
| 6 | Снежана Наумова | Англиски јазик | $8^{1 2 3}$; $9^{1 2 3 4}$; | $8^{3}$ | 21 | 22 |
| 7 | Елена Трајкова | Англиски јазик | $2^{4}$, $3^{1 3}$ ; $5^{1 2 3}$ ; Д. Ѓ. 4, 5; | | 21 | 21 |
| 8 | Дијана Д.Тосева | Француски јазик<br>Вештини за живеење | $7^{4}$; $8^{4}$; $6^{1 3}$;<br>$7^{3 4}$ група; | $7^{4}$ | 10 | 11 |
| 9 | Андријана Петрушева | Италијански јазик | $7^{1 2 3}$; $8^{1 2 3}$; $9^{1 2 3 4}$; | $9^{2}$ | 20 | 21 |
| 10 | Радица Јованова | Математика<br>Вештини за живеење | $6^{1 2}$ ; $8^{1 2}$;<br>$7^{1 2}$ група; | | 21 | 21 |
| 11 | Соња Петкова | Математика | $6^{3}$; $9^{1 2 3 4}$; | $6^{3}$ | 20 | 21 |
| 12 | Тодорка Ордева | Математика | $8^{3 4}$; $7^{1 3 4}$; | $8^{4}$ | 18 | 21 |
| | | / | / | | 2 | |
| 13 | Славица Панева | Физика | $8^{1 2 3 4}$; $9^{1 2 3 4}$; | | 14 | 20 |
| | | Математика | $7^{2}$; | | 5 | |
| | | / | / | | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Весна Кралева | Хемија | $8^{1 2 3 4}$; | $6^{2}$ | 8 | 21 |
| | | Иновации | $9^{1 2}$; | | 2 | |
| | | Природни науки | $6^{2}$; Д. Ѓ. 5; | | 10 | |
| 15 | Соњица Давкова | Биологија | $8^{1 2 3 4}$; | | 10 | 20 |
| | | Хемија | $9^{1 2 3 4}$; | | 6 | |
| | | Истражување на родниот крај | $8^{1 3}$ група; $8^{2 4}$ група; | | 4 | |
| 16 | Соња Андроникова | Природни науки | $6^{1 3}$; | $9^{1}$ | 8 | 21 |
| | | Биологија | $7^{1 2 3 4}$; $9^{1 2 3 4}$; | | 12 | |
| 17 | Дејан Димовски | Историја | $7^{1 2 3 4}$; $8^{1}$; $9^{1 2 3 4}$; | $9^{4}$ | 14 | 21 |
| | | Класична култура во евр.цив. | $6^{2 3}$ група; | | 6 | |
| 18 | Јасмина Б. Кралева | Историја | $6^{1 2 3}$; $8^{2 3 4}$; | $8^{1}$ | 16 | 20 |
| | | Граѓанско образование | $8^{1 2 3 4}$; $9^{1 2 3 4}$; | | 4 | |
| 19 | Маријана Строиманова | Географија | $6^{1 2 3}$; $7^{1 2 4}$; $9^{1 2 3 4}$; | | 20 | 20 |
| 20 | Благој Јаначков | Географија | $7^{3}$; $8^{1 2 3 4}$; | | 10 | 10 |
| 21 | Кирил Трајчев | Етика | $7^{1 2 3 4}$; | | 4 | 11 |
| | | Запознавање на религиите | $6^{1 2}$ група; $6^{3}$ група; | | 4 | |
| | | / | / | | 3 | |
| 22 | Жаклина Трајанова | Информатика | $6^{1 2 3}$; $7^{1 2 3 4}$; | $9^{3}$ | 12 | 21 |
| | | Проекти од информатика | $8^{1 3}$ група; $8^{2}$ група; | | 4 | |
| | | Програмирање<br>Иновации | $9^{1 4}$ група; $9^{2 3}$ група;<br>$9^{3 4}$; | | 4 | |
| 23 | Верка Давчева | Техничко образование | $5^{1 2 3}$; $6^{1 2 3}$; Д. Ѓ. 5; | | 14 | 18 |
| | | Техничко образование | $9^{1 4}$ група; $9^{2}$ група; $9^{3}$ група; | | 4 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | **Маја Е. Стојанова** | Ликовно образование | **$6^{1\,2\,3}$; $7^{1\,2\,3\,4}$; $8^{1\,2\,3\,4}$; $9^{1\,2\,3\,4}$; ПОП.;** | **$6^{1}$** | **17** | **22** |
| | | Проекти од ликовната уметност | **$7^{1\,2}$ група; $7^{3\,4}$ група;** | | **4** | |
| 25 | **Тони Цветковски** | Музичко образование | **$6^{1\,2\,3}$; $7^{1\,2\,3\,4}$; $8^{1\,2\,3\,4}$; $9^{1\,2\,3\,4}$; хор; оркестар;** | | **21** | **21** |
| 26 | **Зоран Цветковски** | Физичко и здр.образование | **$8^{1\,2\,3}$; $9^{1\,2\,3\,4}$;** | **$8^{2}$** | **21** | **22** |
| 27 | **Александар Радев** | Физичко и здр.образование | **$6^{1\,2\,3}$; $7^{1\,2\,3\,4}$;** | **$7^{3}$** | **21** | **22** |
| 28 | **Даниела Петкова** | Физичко и здр.образование | **$2^{1}$; $1^{1}$; $3^{1\,2\,3\,4}$; $8^{4}$;** | | **21** | **21** |
| 29 | **Мики Панев** | Физичко и здр.образование | **$1^{2\,3\,4}$;** | | **9** | **9** |
| 30 | **Билјана П. Ладева** | Англиски јазик | **$1^{1\,2\,3\,4}$; $2^{2\,4}$; $3^{2\,4}$; Д. Ѓ.1, 2;** | | **21** | **21** |
| 31 | **Виктор Трендафилов** | Физичко и здр.образование | **$2^{2\,3\,4}$; Д. Ѓ. 1, 2;** | | **15** | **15** |

**ИЗБОРНА НАСТАВА**

По анализата на спроведената анкета во оваа учебна 2021/2022 година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

| *IV одд.* | *V одд.* | *VI одд.* | *VII одд.* | *VIII одд.* | *IX одд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| **-Театраки работилници**<br>**-Кошарка** | **- Творештво** | **1. Запознавање на религии** | **1. Проекти од ликовна уметност** | **1. Истражување на родниот крај** | **1. Програмирање** |
| | | **2. Класична култура во европските цивилизации** | **2. Вештини за живеење** | **2. Проекти од информатика** | **2. Техничко образование** |

Во текот на месеците мај и јуни се изврши анкетирање на учениците, со поддршка на родителите од IV (април), V, VI, VII, VIII деветгодишно образование, за избор на изборен предмет во текот на наредната учебна година.

Сите изборни предмети се изведуваа проектно. Преку изработката на проекти учениците се мотивираат и поттикнуваат на самостојна работа и работа во групи, истражување, составување на реферати, изработка на практични работи, изработка на презентации и презентирање на изработките, а на тој начин во најголем дел и самостојно усвојуваат нови знаења, што е од големо значење во современото учење. Најголем дел од учениците го прифаќаат овој вид работа, активно учествува секој ученик од групата, а на тој начин доаѓа до израз креативноста на секој ученик.

***Дополнителна настава***

Преку дополнителната воспитно-образовна работа ќе отпочне диференцирањето на учениците на часовите за редовна настава, а за оние ученици за кои ќе се оцени дека им е потребна неопходна дополнителна помош, таа ќе биде организирана вон наставата која е во склоп со Законот за основно образование и истата е задолжителна (за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети - Член 7 став 2 од Законот за основно образование на РМ). Во дополнителната настава покрај образовните компоненти ќе се работи и на: изградување на работни навики, развивање на чувство за лична одговорност во работата, мотивирање за работа и постигнување на успех, социјално прилагодување и сл. Идентификацијата на учениците ќе се изврши на основа на сознанија од претходната учебна година и совладувањето на содржините од наставните програми во погорното одделение. Во врска со тоа ќе се воспостави и соработка со родителите. Образовните групи за дополнителната настава ќе се оформат во различни периоди, во зависност од времето кога ќе се појават одредени слабости кај одредени ученици.

За оние ученици кои послабо напредуваат и покажуваат послаби резултати по одделни предмети редовно е изведувана дополнителна настава, реализирани се вкупно **1072** часа и тоа од шесто до деветто одделение **688** часа, од второ до петто одделение **384** часа. Сите часови се запишани во дневниците за работа на соодветното место. Полугодишните извештаи на наставниците укажуваат дека индивидуалната форма на работа со овие ученици дава подобри резултати.

***Додатна настава***

Содржините за додатната настава, главно ќе бидат специфични за секој ученик. Во овој вид настава ќе се применуваат индивидуални форми на работа, тандем (пар), групни форми на работа и проектни активности. Идентификувањето и избирањето на учениците ќе се изврши преку систематско следење, испитување и вреднување на развојните способности на секој ученик. Ако се јави потреба и услови, ќе се применуваат и други дополнителни постапки и критериуми, за избор и вклучување на учениците во додатната настава.

Со талентираните ученици по одделни предмети освен во предметната настава изведувана е и во одделенската настава и реализирани се вкупно **995** часа (**356** часа во одделенската настава, **639** во предметната настава). Вообичаено во додатната настава учениците истражуваат, анализираат, синтетизираат, подготвуваат Power point презентација за наставните содржини од редовната настава.

Во училиштето работи и училиштен хор и оркестар. Ова учебна година училишниот хор има реализирано **91** час.

Училиштниот оркестар во текот на оваа учебна година, исто така ја има реализирано својата програма со вкупно реализирани **90** часа.

***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици***

Секој наставник за работа со надарени и талентирани ученици, во време на реализација на наставата користи дополнителни ресурси во кои се вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегиите и дидактички материјали. Пред почетокот на учебната 2021/22 година со предметните наставници се спроведе обука за работа на наставниците со талентирани ученици. Програмата за работа со надарени и талентирани ученици подразбира повисоко научно-теоретско ниво на програмски содржини, специфицен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини.

***Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби***

За учениците со посебни образовни потреби, наставниците изработуваат индивидуална програма со време на реализација од октомври до мај во текот на една учебна година, во која ќе бидат вклучени природата и проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали.

## *Проекти кои се реализираат во училиштето*

| |
|---|
| Планирањата на наставниците се со интегрирани содржини во согласност со Еко - стандардите и точки на акција од проектот „***Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“*** (ИКТ и ЗПЈ). Одговорна за овој проект е наставничката ***Катерина Стоилевска.*** |
| Во претходната учебна година беше формиран тимот за проектот ***„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието - МИМО,*** во состав: ***Анета Ивановска - директор, Снежана Мишевска - координатор, Сања Накова - одделенски наставник, Снежана Наумова - предметен наставник, Соња Андроникова - предметен наставник и Светлана Митрушов - претставник на стручната служба.***<br>Активностите ќе бидат реализирани во оваа учебна година. |
| **Проект „Компјутер за секое дете“**<br>Примена на ИКТ во наставата: ИКТ задолжително се применува во наставата по сите предмети. Планот на часови кои ќе се реализираат со примена на ИКТ се посебно наведени во Годишните глобални и тематски планирања на наставниците, со временскиот период во кој ќе се реализираат. Со тоа се продолжуваат активностите од проектот „Компјутер за секое дете“. |
| **„Училиште на 21 век“ -** целта на овој проект е со оваа програма да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање на проблемите, како и подобрување на дигителните вештини на учениците на возраст од 11-15 години прку наставни и воннаставни активности. Стекнување на знаења за кодирање со користење на уредите за кодирање Микробит. За таа цел беше изработен проектот **„My friend Microbit T-controller”** и започна со работа **„КЛУБОТ ЗА КОДИРАЊЕ“** од септември 2019 год.<br>Одговорни наставници се: Соња Андроникова, Жаклина Трајнаова, Соња Петкова, Тодорка Ордева, Снежана Наумова, Фросина Златевска. |

**Програма ЕРАЗМУС+**
Посета на двајца наставници како обучувачи за млади во Брага - Промоција на културното наследство
**Одговорен наставник за ЕРАЗМУС + програмата е предметниот наставник Снежана Наумова, членови: Светлана Митрушов и Елена Трајкова.**

**Годишен извештај за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем за учебната 2021/2022 година**

Во оваа учебна година планирањата на наставниците се со интегрирани содржини во согласност со Еко-стандардите и точки на акции од проектот **„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**. Реализирани се повеќе активности од проектот Еко-училиште.

Во текот на учебната 2021/2022 година се реализирани следниве активности:

**Септември:**

**1.** Поврзување со наставната програма по сите предмети од одделенска и од предметна настава.

**2.** Формирање на Еко - одбор.

**3.** Реализирана кампања - **Реконструкција на подовите на приземјето, двата ката, ходници и делот со скали во училиштето**.

**Цел на кампањата:** еколошко решение, обезбедува комфор под стапалата на места каде стоењето е во подолг период, ја намалува бучавата при движење, отпорен на лизгање и е многу лесен за одржување.

**4.** Реализирана акција - **Одбележување „22 септември – Денот без автомобили”** со учевство на учениците од нашето училиште во активноста „Ајде сите на тркала за чисто Свети Николе”, во рамките на ,,Европската недела на мобилност“, во соработка со Локалната самоуправа.

**Цел на акцијата:** Подигнување на свеста за оддржувањето на физичката, а воедно и на менталната кондиција, како и свесноста за заштита на животната средина при изборот на превозни средства.

**Октомври:**

**5.** Реализирана акција **– „Одбележување на 16 Октомври – Светски ден на храната”.**

**Цел на акцијата:** Да се помогне во подигањето на јавната свест за тоа што јадеме и каква храна треба да јадеме – здрава исхрана, која вклучува доволно разновидна, безбедна храна и храна со доволно хранливи материи – истовремено, одржувајќи го здравјето на планетата од која сите зависиме.

**6.** Реализирана акција **– Еко-акција** под мотото **„Да ја сочуваме нашата планета“** - собирање пластични шишиња во нашето училиште.

**Цел на акцијата:** Целта на оваа акција е заеднички да ја подигнеме јавната свест за тоа колку е важно да ја штедиме природата и природните ресурси и да ја зачуваме планетата Земја.

**Ноември-Декември:**

**7.** Реализирана кампања – **Целосна реконструкција на електричната инсталација, Поставување на штедливи сијалици во сите училници во училиштето**.

**Цел на кампањата:** Заштеда на топлинска енергија. Доволна осветленост во училниците.

**Март**

**8.** Реализирана акција **– Одбележување на 21-ви Март – Денот на пролетта и Денот на екологијата.**

**Цел на акцијата**: подигање на еколошката свест кај учениците да се грижат за поздрава и почиста животна средина.

**9.** Реализирана акција **– Одбележување на 22-ри Март – Светски ден за заштита на водата.**

**Цел на акцијата**: да се подигне еколошката свест кај учениците за рационално користење, заштита и штедење на водата.

**Јуни**

**10.** Реализирана акција **– 5-ти Јуни – Светски ден за заштита на животната средина.**

**Цел на акцијата:** подигање на еколошката свест кај учениците за заштита на животната средина и како да ја направиме животната средина позелена и поздраво место за живеење.

**Март-Јуни**

**11.** Во периодот од 3.3.2022 до 6.6.2022 год. во рамките на „**Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“** имплементирана од Здружение на Граѓани Еко - Логик, а поддржана од УНИЦЕФ и од Шведската Агенција за Меѓународна соработка (Sida), се подготвени активности/експерименти од областите за заштита на животната средина и климатските промени.

Активностите се наменети за учениците и наставниците од I до V одд., поврзани со содржините по предметот Природни науки. Активност добивавме секоја седмица (во четврток), која имавме време да ја реализираме цела седмица, активност која треба да биде проследена со одредени забелешки, фотографии и извештај за секоја активност.

Во овие активности се вклучија наставникот по природни науки Весна Кралева, наставникот по техничко образование Верка Давчева и одделенскиот наставник Катерина Стоилевска.

**Активностите имаат за цел:**

Да ги надгради постоечките, но и да креира нови вештини и знаења кај образовните институции низ земјата од областите за заштита на животната средина и климатските промени, акцентирајќи ги просветните работници и учениците.

Тестирањето на активностите има за цел да ја провери релевантноста на дизајнираните активности пред истите да бидат вметнати во Прирачникот со ресурси наменет за образовни институции.

***Употреба на ИКТ во наставата***

Во нашето училиште редовно се применува ИКТ во наставата со цел за подобрување на истата. Наставниците од 1-во до 9-то одд. во своите годишни и тематски процесни планирања се задолжени да планираат и реализираат ИКТ содржини со 30% застапеност на содржините. За успешно реализирање на ИКТ во наставата нашето училиште во учебната 2021/2022 година набави севкупно 11 ЛЦД телевизори. Сега веќе се опремени 11 училници со овој вид на технолошки помагала со цел интересна и ефективна настава. Оваа година поради мерките и протоколите поради пандемијата со Ковид-19, наставниците реализираа онлајн часови со учениците заболени и во изолација од Ковид-19.

***<u>Оценување</u>***

***Видови оценување и календар на оценување:***

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците. Интерното оценување се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во ***првото полугодие (I–VI одд.)*** се оценува ***описно***, ***во вториот период (I–VI одд.)*** постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат ***описно***, во класификационите периоди – тримесечје описно, како и на крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од ***третиот период*** се оценуваат ***бројчано со оцени од (1) до (5) од (IV до IX одд.),*** а учениците од I до III одд. останувaат со описни оценки.

***Тим за следење, анализа и поддршка***

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања, истражувачки активности и друго, со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат).

Државно тестирање по македонски јазик спроведено од ДИЦ, а успешно организирано од нашето училиште на 2 јуни 2022 година. Во тестирањето беа вклучени 37 ученици по случаен избор од сите четири паралелки од 3 одделение. Координатор на ова тестирање беше одделенскиот наставник Славица Конева, а заменик координатор Наташа Трајчева.

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Училиштен спорт, секции и *Слободните ученички активности: 732 часа* –** Дел од предвидените активности оваа учебна година се реализираа и покрај актуелната состојба со пандемијата. Учениците посетија и лизгалиште, додека за останатите вонаставни активности, дел од нив се реализираа, а за дел немаше услови за реализација.

   

**Слободни ученички активности**

***,,Добредојдовте првачиња“***

Приредба по повод прием на првачињата во ООУ ,,Кирил и Методиј“ – Свети Николе, на првиот училиштен ден во учебната 2021/22 година.




На 1.9 2021 год. во дворот на нашето училиште срдечно беа примени нашите првачиња од нивните одделенски наставници и на сите наши идни ученици им беа поделени пакетчиња од компанијата ,,Лион“ – Свети Николе за сладок и среќен почеток на нивното школување.

**СРЕЌНО И УСПЕШНО УЧЕЊЕ!**



**14.09 2021 год.**

По повод 77-годишнината од ослободувањето на нашиот град пред платото на Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“ – Свети Николе се одржа свечена академија во рамките на која трета година по ред беа доделени парични награди и признанија на учениците од нашите општински училишта и нивните наставници - ментори за постигнатите успеси на државно и на меѓународно ниво во текот на минатата учебна година.
Честитки за сите наши ученици и наставници кои заслужено беа наградени на оваа манифестација!





**20.9. 2021 год.**

По повод „Денот без автомобили“, во понеделник, 20-ти септември 2021 година, општина Свети Николе во соработка со сите општински училишта во општинава организира заедничко возење велосипеди и ролери, со цел подигнување на свеста за одржување на физичката, а воедно и менталната кондиција, како и свесноста за заштита на животната средина при изборот на превозни средства.






**05.10. 2021 година**

**Меѓународниот ден на учителот**




Да се биде учител, наставник, професор, воспитувач е најблагородната, најубавата, но и најодговорната професија што подразбира огромна посветеност не само кон младата личност, туку и кон оној на кој му се потребни знаења, вештини и мотивација. Учителите се водечка светлина за учениците. Тие им го покажуваат правилниот пат и им помагаат на учениците да откријат повеќе за себе. Добриот наставник е како свеќа – се троши себеси за да им го осветли патот на другите.

По повод „Меѓународниот ден на учителот“ најмалку што можевме да направиме е да ги потсетиме нашите ученици за важноста и улогата на наставниците во нивниот живот. Затоа стручните соработници во нашето училиште им поделија пораки на учениците од 2-ро и 3-то одделение, коишто заедно ги прочитаа додека учениците од 4-то и 5-то одделение преку пораки им го честитаа „Денот на учителот“ и ја искажаа својата почит и благодарност кон своите наставници.






**5.10.2021 год.**

По повод неделата на италијанскиот јазик во светот, во текот на вчерашниот ден беше оддржан "DANTE CHI LO CONOSCE"- квиз на кој нашите ученици постигнаа одлични резултати.

Прва награда: Матеј Славевски од $9^1$ одделение;
Трета награда: Симона Боризова од $9^2$ одделение;
Втора награда на ликовен конкурс: Никола Станков од $9^1$ одделение;
Благодарница за учество: Мила Нушева и Софија Ташева од $8^1$ одделение.






**„Детска  недела 2021 год.“**

Првата полна недела од месец октомври се одбележува „Детската недела“ со разни активности во сите држави членки на ООН.

Во рамките на „Детската недела“ сите земји членки на ООН треба да стават посебен акцент на детето и на правата на детето предвидени во законските регулативи имплементирани кај нас, а кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето при ООН.

Годинава „Детската недела“ ја обележавме само симболично преку цртање од страна на учениците во училишниот двор под мотото поврзано со актуелната состојба со коронавирусот кое гласи ,,Јас избирам здравје, а ти?“

По тој повод  во спортската сала „Цар Самуил“ **–** Свети Николе се одржа приредба по повод свечениот прием на првачињата во Детската организација. Со овој свечен чин на кој првачињата положија заклетва и станаа дел од Детската организација ја заокруживме „Детската недела“ која ја одбележавме со разновидни активности.
Браво за учениците од 2-ро одделение кои под раководство на своите одделенски наставници ни приредија празник за очи и уши со своите настапи.

Среќен прием првачиња во Детската организација!







**Месец на книгата**

Месецот октомври беше посветен на книгата, по повод почетокот на „Месец на книгата“ кој трае од 15 октомври до 15 ноември. Нашите ученици Теофил Јанев од 8 одд., Нина Мишева и Ива Дечков од 9 одд.земаа учество на општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ организиран од Домот на културата „Крсте П. Мисирков“. Ива Дечков ја освои првата награда, со право на учество на државен натпревар, а Нина

Мишева ја освои втората награда оваа година. Месецот на книгата во нашето училиште беше скромно одбележан. „Книга – сон во нашите раце“ беше овогодинешното мото, кое беше водич на  планираните и спроведените активности.

Наставниците по македонски јазик заедно со наставниците од одделенската настава и библиотеката распишаа литературен поетски конкурс на тема „Книга – сон во нашите раце“ наменет за учениците од 2-ро до 9-то одделение.

ЗА МЕСЕЦОТ НА КНИГАТА – 300 КНИГИ ДОНАЦИЈА! Нашето училиште деновиве доби донација од 300 книги за збогатување на фондот на книги во училишната библиотека. 150 книги од донираните 300 се наменети за подрачното училиште во с. Долно Ѓуѓанце. Донацијата ја достави одделенскиот наставник Иле Михајловски со помош на донатори, кои силно ја поддржуваат неговата хумана мисија. Благодарност од името на сите ученици за донаторите! Нека ваквите иницијативи бидат примери за сите граѓани! Нека се развива љубовта кон мајчиниот јазик и читањето!

Изработка на книга – активност во прво одделение и Читање за повозрасните другарчиња за првачињата.

Изработка на видео – Виртуелна училишна приредба.



















**Обележувањето на месецот на борбата против зависностите**

По повод месецот на борбата против зависности нашите стручни соработници во соработка со ученичкиот парламент изработија цртежи и пораки, и истите ги изложија во училишниот хол, со важни ингормации и пораки за штетноста, опасностите и ризиците од користењето на опојни и наркотични средства, како и совети каде и на кого можат да се обратат за помош.










**Меѓународен ден на лицата со посебни потреби – 3-ти Декември 2021 година**

## Светски ден на лицата со посебни потреби

Денес во нашето училиште се одржа работилница во која учествуваа ученици од паралелката за ученици со посебни образовни потреби. Главно мото беше „Да не оставиме никого зад себе''. Учениците за време на час изработуваа свои креативни дела кои откако ги завршија заедно со наставничката и специјалниот едукатор и рехабилитатор ги закачија на паното. Атмосферата беше добра, се гледаше среќа и задоволство на лицата на учениците. Во прилог се фотографиите од успешно завршената работилница.
Учениците од паралелката III[1] одд. во чест на овој ден креативно ја пратија пораката која треба да биде длабоко врежана во свеста на секој од нас, а тоа е: **СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ!!!**











**,,Свети Николај“ – Патрон на градот Свети Николе**

На свечената академија по повод чествувањето на Патронот на градот „Свети Николај“, која се одржа на 17. XII 2021 год. во Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“, нашето училиште се збогати со следните награди:

Награда за просветен работник за учебната 2020/2021 година (ваучер 10 000 денари) - Зоран Цветковски;

Награда за најдобар ученик за учебната 2020/2021 година (ваучер 6000 денари) - Матеј Славевски;

Ликовен конкурс на тема „Чинот на дарувањето - аманетот на патронот наш, Свети Николај“

- прва награда: Никола Станков од IX одделение (ваучер 3000 денари);
- втора награда: Јована Бонева од VII одделение (ваучер 1500 денари);

Литературен конкурс на тема „Чинот на дарувањето - аманетот на патронот наш, Свети Николај“

- втора награда: Дариа Саздевска од VI одделение (ваучер 1500 денари).






**29.12.2021 год.**

**Приредба по повод Нова година**

**„Детската насмевка – круна на магијата новогодишна“** е мотото на овогодинешната приредба. Најсјајна ѕвезда во ноќта новогодишна е смеата на децата, да направиме соѕвездие од детски насмевки, кое ќе ја осветлува цела 2022 година.

Пренесуваме порака, со надеж дека ќе допре до сите Вас, дозволете ДЕТСКАТА НАСМЕВКА ДА ЈА КРУНИСА ГОДИНАТА ШТО СЛЕДИ!















**30.12.2021 год.**

**Хуманитарна акција**

На 29.12.2021 год. во склоп на училишната новогодишна приредба се одржа новогодишен базар од хуманитарен карактер. Учество земаа ученици од осмо и деветто одделение. Иницијативата беше поддржана од наставникот по Граѓанско образование, педагошко – психолошката служба од училиштето – социолог и директорката на училиштето. На самиот базар можеше да се вклучат и поддршка да дадат родителите на учениците преку купување на новогодишни декорации. Новогодишните декорации беа изработени од учениците од прво до деветто одделение, но, исто така во процесот се вклучија и наставниците. Преку подготовката и реализирањето на базарот се овозможи целосен увид на учениците со местото и улогата т.е. активното учество на младите и граѓанинот во граѓанското општество. Позитивните страни или ефекти од овој базар се тие што на учениците им беше дадена и можноста на директен и непосреден начин преку иницијатива да донесуваат одлуки, но и да влијаат на

одлуките на останатите членови, како и да вршат промени во општеството. Средствата од продадените изработки со одлука на учениците, но поддржани од наставниците, беа наменети за купување на прехрамбени артикли, и истите беа донирани на семејство од социјлно загрозен карактер.







**8.3.2022 година**

**Приредба по повод Интернационалниот ден на жената** – под мотото ,,Жена – мајка – живот“, која се одржа на 07.3.2022 година во спортската сала ,,Цар Самуил“.












**14.3.2022 година**

**МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МАТЕМАТИКАТА е 14-ти Март, а тој ден е познат уште и како „Денот на Пи“. Датумот е така одбран поради првите цифри на најпознатата математичката константа Пи, π = 3,14…. Денот на Пи се слави низ целиот свет, а оваа година и нашите ученици се вклучија во неговото одбележување. Нека е честит Меѓународниот ден на математиката!**









**21.3.2022 година**

**21-ви Март – Денот на пролетта и Денот на екологијата**

**Ден на пролетта и потребата од здрава еколошка средина. Големата заинтересираност за активностите од страна на учениците радува, бидејќи тоа значи дека од најмала возраст тие го прифатиле овој начин на размислување и на живеење. Се надеваме дека ќе имаат своја еколошка свест и ќе се грижат за поздрава и почиста животна средина. За таа цел на овој ден спроведовме низа активности. Реализиравме едукативна работилница под мотото: “Влијанието на загадувањето на животната средина врз климатски промени и глобалното затоплување”. На одделенскиот час во сите паралелки беше презентиран едукативен текст со наслов: „Екологијата и спасувањето на планетата Земја“. Учениците од предметната настава засадија борчиња во училишниот двор, со цел хортикултурно уредување на училишниот двор и обновување на живата ограда околу училиштето. Учениците од одделенската настава со свои творби за пролетта и со Еко пораки покажаа како треба да ја почитуваме и да ја чуваме природата, бидејќи природата е богатство кое треба да го чува секој од нас.**









**30.3.2022 година**

**Организирани се спортски игри каде што учествуваа ученици со посебни потреби, имаше натпревар во кошарка, фудбал, пинг-понг каде што учениците на крај добија и благодарници.**

**11.5.2022 година**

**„Училишта на 21-от век“**

**Учениците од нашето училиште Искра Јованчева и Андреј Славевски од VII одделение, заедно со наставничката Жаклина Трајанова го изработија уредот Termo: bit и истиот беше избран во најдобрите 15 проекти на Државниот натпревар за кодирање со користење на уредот микро: бит.**

**Натпреварот кој го организира Британскиот совет во рамки на регионалната програма „Училишта на 21-от век“ финансирана од Владата на Обединетото Кралство, се одржа на 6.5.2022 година во Скопје и на него зедоа учество ученици на возраст од 10 до 15 години.**

**Уредот Termo: bit е изработен од 7 микро: бита и служи за мерење и следење на температурата. Истиот целосно е изработен и програмиран од нашите ученици Искра Јованчева и Андреј Славевски.**

**Како финалисти, нашето училиште беше наградено со пакет од 10 микро: бит уреди верзија 2 (сега со вграден звучник, микрофон и сензор за допир) за уште повозбудливи решенија во идните проекти, комплет за микро: бит додатоци, кој содржи пијано, LED прстени, комплет за иновации, паметен комплет за стаклена градина, графика 128 OLED дисплеј за микро: бит, контролери за игра за микро: бит …**







**24.5.2022 година**

**Приредба по повод патрониот празник на нашето училиште ООУ ,,Кирил и Методиј“ – Свети Николе, под мотото ,,Другарството да царува кога различноста спојува“. Директорката на приредбата им се заблагодири на успесите на сите ученици за постигнатите резултати и промоцијата на училиштето и го прогласи Првенецот, Достоинставта и признанијата на учениците за изворедните таленти. Сите достигнувања и резултати од трудот на овие ученици беа презентирани на самата приредба преку видио бим и на страната на ФБ на училиштето. Првенец на генерацијата 2013-2022 год. МАТЕЈ СЛАВЕВСКИ, ЛУКА СТОЈЧЕВ признание за изворедниот покажан талент и успех во пинг - понг. Достоинство на генерацијата 2013-2022 год. 1. ЕЛЕНА АНДРОНИКОВА, 2. АЛЕКСАНДРА МИТЕВА, 3. АНА НАКОВСКА, 4. КРИСТИНА КОСТОВА, 5. ИВА ДЕЧКОВ, 6. МЕЛАНИЈА РАДЕВСКА, 7. СТЕФАН ЈОРДАНОВ.**















**1.6.2022 година**

**Меѓународен ден за заштита на децата**

**ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе на сите деца им го честита 1-ви јуни, Меѓународниот ден на детето.**





**3.6.2022 година**

**Светскиот ден за заштита на животната средина е потсетник дека мора добро да се грижиме за нашата околина. Ова е денот кога засекогаш треба да се поврзат луѓето и природата.**

**Дозволете ни да ветиме дека ќе ја направиме нашата планета позелена и поздраво место за живеење и уживање во животот!!!**






**8.6.2022 година**

**Во рамките на проектот Еразмус + Heritage Youth Perspective – Love your heritage (Промовирање на локални занаети на социјалните медиуми), одржана во Струга од 1-7 април 2022 год. на која како лидери за млади учество земаа наставничката Снежана Наумова, социологот Светлана Митрушов и наставникот Ивица Митрушов. На ден 7.6.2022 год. во просториите на ООУ „Кирил и Методиј“ се одржа работилница со 20 ученици од 8 одделение и 5 ученика од Училиштето за средно образование ,,Кочо Рацин“ – Свети Николе. На работилницата учениците имаа можност да се запознаат со видовите на културно наследство и локалните занаети, кои за жал, сѐ помалку егзистираат во нашата општина. На работилницата учениците имаа можност и да ги подобрат своите технички вештини за снимање, уредување и објавување на видео со ракотворби и интревју со локален занаетчија (казанџија) и истото да го објават во интернационалната група на земјите партнери во овој проект: Португалија, Романија, Данска, Шпанија и Македонија.**

**Крајната цел на работилницата е да се сними видео – интервју со локален занаетчија, кое учениците успешно го завршија со посета на локалната работилница „Менчови“ каде снимаа видео со сопственикот на истата. За одлично сработената работа учениците се здобија со сертификати за учество на работилница од Еразмус + проект од страна на Невладината организација NEXT GENERATION – Skopje, која е и еден од партнерите на овој проект.**






**На ден 9.6.2022 година се оддржа хепенинг по повод крајот на учебната година, во кој дел од нашите ученици земаа учество на настанот, а дел го следеа настанот од публиката.**






**Ученички екскурзии**



Наставниците во своите годишни планирања согласно Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/22 година, оваа година не планираа наставно-научни екскурзии. Причините за ваквата одлука се должи на ситуацијата со Ковид-19.

**Општествено-хуманитарна работа**

| Активност | Време на одржување |
|---|---|
| Ден без автомобили | 20.9.2021 |
| Еко акција под мотото ,,Да ја сочуваме нашата планета” собирање пластични шишиња во училиштето | 27.9.2021 |
| Учество на хуманитарен новогодишен базар | 27.12.2021 |
| 22 Март – Светски ден за заштита на водата | 22.3.2022 |
| 5 јуни – Светски ден за заштита на животната средина | 5.6.2022 |
| Работилница ,,Инклузивен јазик“ по повод ,,Меѓународниот ден на лица со попреченост“ | 13.12.2021 |
| Новогодишен базар од хуманитарен карактер | 29.12.2021 |
| Ден на пролетта и ден на екологијата | 21.3.2022 |
| Светски ден за заштита на животната средина | 6.6.2022 |
| Хуманитарен пакет со училиштен прибор | 5.10.2021 |
| Посета на фарма во с. Долно Ѓуѓанце | 5.5.2022 |
| Спортски активности по повод патрониот празник на училиштето | 23.5.2022 |
| Изработка на украси за училиштен новогодишен штанд | 27.12.2021 |

**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Постигнување на учениците,

Во нашето училиште се води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици. Евиденцијата се води одделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој наставник во училиштето.

Стручната служба располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди и истите се дадени во табеларните прегледи, кои се составен дел на овој извештај.

Бројот на изостаноци изнесува **18044**, просекот по ученик на изостаноци изнесува **32,57** (преглед во табеларниот извештај). Од вкупниот број на изостаноци **17952** се оправдани (или во просек **32,40** по ученик), а неоправдани се **92** (или **0,17** по ученик).

.

Средниот успех на учениците од прво до трето одделение е следен: **85,70 % од учениците се оценети со високо ниво, 9,89 % со средно ниво**, **основно ниво 4,42 % и со незадоволително ниво** нема**.** Од четврто до петто одделение со **среден успех на учениците е 4,46 %**.

Од шесто до деветто одделние среден успех **е 4,23б%,** кај момчињата е **4,04%**, а кај девојчињата **4,45%.**

Од четврто до деветто одделение средниот успех е **4.29%**, среден успех кај момчињата е **4,15%,** кај девојчињата среден успех е **4.45%**.

Сите наставници во редовна настава им обезбедија поддршка на учениците кои имаа тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година наставниците реализираа дополнителна настава за ученици кои пројавуваа потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваа интерес и значајни резултати во одредена област.

Стручната служба редовно ги следеше постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на основното образование.

**Извештај од ученички парламент  2021/2022 год.**

**Прво полугодие**

**<u>Октомври</u>**

- Избор на раководство на ученичкиот парламент и правобранител, како и дискусија на тема за улогата на ученичкиот парламент во училиштето, обврски и одговорности;

- Дискусија околу улогата на ученичкиот парламент во училиштето во соработка со стручната служба;

**<u>Ноември</u>**

- Состанок: запознавање со годишната програма на ученичкиот парламент;

- Предлози за надополнување на годишната програма;

**<u>Декември</u>**

- Разгледување на успехот на учениците во училиштето од 1-во до 9-то одд. и насоки и совети за подобрување на успехот;

- Хуманитарна новогодишна акција;

**<u>Февруари</u>**

- Средба за организација на училишни натпревари;

**<u>Март</u>**

- март 2022 год.: работилница по предметот граѓанско образование на учениците од 8 и 9 одд.;

**<u>Април</u>**

- Професионално информирање за упис во средните училишта;

**<u>Мај</u>**

- Одбележување на патрониот празник на нашето училиште со онлајн приредба;

- Анализа на успехот на крајот на учебната 2021/22 год.

Дел од активностите на ученичката заедница коишто се реализираат секоја година изостанаа поради пандемијата.

**Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)**

Преку работилниците за животни вештини, наставниците ги согледуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците и во контекст на тоа организираат социјални игри и дружења меѓу учениците.

***На часовите на одделенска заедница во текот на оваа учебна година беа спроведени работилници на тема:***

Спречување на насилничкото однесување;
Разрешување на конфликти;
Почитување на другите (недискриминација);
Меѓусебно поддржување и соработка;
Справување со гнев;
Превземање одговорност за постапките;
Користење на институциите за заштита и безбедност;
Извори на конфликти;
Конфликтите се скалила;
Справување со емоции;
Познавање на базичните човекови права: Права и правила;
Безбедно однесување во средината: Ризици;
Одолевање на социјалнте притисоци;
Превенција од пушење и пиење алкохол;
Користење на институциите за заштита и безбедност;
Лична хигиена, вирусите – бактериите и учениците;
Животни процеси и знаци на живот;
Животни процеси и исхрана.

**Училиштен дефектолог** е вклучен и во инклузивните тимови на училиштето (сите наставници кои имаат ученици со потешкотии, стручна служба, директор, родители и асистенти).

Со дефектолошки третман беа опфатени вкупно 6 ученици, од кои со медицински наод и мислење се 5 и овие ученици се вклучени во редовна инклузивна настава со помош од лични и образовни асистенти преку проектот ,,ОКО,, во соработка со УНДП и општина Свети Николе. За сите ученици формирани се инклузивни тимови и училиштен инклузивен тим. Во текот на учебната година континуирано се одржуваа средби и консултации со стручни лица од ресурсниот центар ,,Маца Овчарова‘‘ – Велес.

**Безбедност во училиштето**

Училиштето има изработено план за евакуација при елементарни непогоди. Скиците за евакуација се прегледно нацртани и поставени на видни места во учлниците и во холовите во училиштето.

Училишниот простор во централното училиште, спортските објекти, подрачното училиште и дворот е безбеден за изведување на настава и други воспитно-образовни активи.

Училиштето има **Правилник за заштита од пожари** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди. Училиштето има поставено на соодветно место ПП апарати за заштита од пожар. Наставниците се обучени за употреба на ПП апарати, заштита и евакуација. Во училиштето има обучено наставници за давање прва помош на учениците во случај на потреба од тоа.



Во соработка со МВР континуирано патролираат во и надвор од училиштето со редовни патроли.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Нашето училиште води грижа и планира активности за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, одделенскиот и наставничкиот совет, стручната служба, во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Реализатори на истите се наставниците преку индивидуалните и групните родителски средби, стручната служба преку интерактивните работилници, како и разговорите со учениците и со родителите.

Целта е да се обезбеди почитување на личноста и негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Изготвување и планирање на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа, како и високообраниразовните институции за поддршка на истите се наставниците преку индивидуалните и групните родителски средби, стручната служба преку интерактивни работилници, како и разговорите со учениците и родителите. Целта е да се обезбеди почитување на личноста и негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.

Изготвување и планирање на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа, како и високообразовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини.

Училиштето организира неколку еколошки акции и кампањи кои се организираат како дел од еколошката програма во текот на учебната година.

**ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО**

Училиштето два пати годишно врши **дезинфекција, дератизција и дезинсекција** на сите простории во училиштето и подрачното училиште. Во првото полугодие беше направено во почетокот на учебната година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Велес, а во второто полугодие во месец март.

На 5.11.2021 год. беше организиран санитарен преглед на вработените. На одделенските часови се читани содржини (теми) за здрава исхрана, личната и општа хигиена, содржини кои едуцираат за сида, болестите на зависност, воспитни содржини од различен вид и др.

| Активност | Време на одржување |
|---|---|
| Насоки и мерки за превенција од ковид | 1.9.2021 |
| Преглед на личната хигиена на учениците | 2.9.2021 |
| Мерење висина и тежина на учениците | 27.9.2021 |
| Заштита од вируси, како да се грижиме за здравјето | 15.10.2021 |
| Светски ден на здрава храна, стекнување на навики за здрав живот | 18.10.2021 |
| Редовен преглед на учениците кај училиштен стоматолог | 13.12.2021 |
| Јас и здравјето, водење грижа за личната хигиена | 21.2.2022 |
| Развивање свест за сексуалното здравје: Пубертет | 28.2.2022 |
| Стекнување здрави навики, салата или сендвич | 7.3.2022 |
| Јас и здравјето, здраво живеење, здрави навики | 21.3.2022 |
| Превенција од болести и заболувања, повреди | 28.3.2022 |
| Систематски преглед на учениците | 29.3.2022 |
| Превенција од пушење и пиење алкохол | 4.4.2022 |
| Насоки и мерки за превенција од ковид | 1.9.2021 |
| Недела за борба против шеќерната болест | 4.10.2021 |
| Менталното здравје кај младите во време на пандемија | 12.10.2021 |
| Месец за борба против болести на зависности | 15.11.2021 |
| 1. Декември – Светски ден за борба против СИДА | 29.11.2021 |
| Недела на забоздравствена заштита | 13.12.2021 |
| Редовен преглед на учениците кај училиштен стоматолог | 20.12.2021 |
| Ден на основањето на Црвен крст и ден на крводарителство | 14.3.2022 |
| Недела на борба против ракот | 7.3.2022 |
| Недела на борба против срцевите заболувања | 21.2.2022 |
| Водење грижа за личната хигиена - работилница | 9.5.2022 |
| Развивање свест за сексуалното здравје - работилница | 16.5.2022 |

| | |
|---|---|
| Јас и здравјето – здраво живеење - работилница | 30.5.2022 |
| Насоки и мерки за превенција од ковид | 1.9.2021 |
| Недела на борба против срцевите заболувања | 21.2.2022 |
| Недела за борба против шеќерната болест | 4.10.2021 |
| 1. Декември – Светски ден за борба против СИДА | 29.11.2021 |
| 12. Мај – Меѓународен ден на медицинската сестра | 9.5.2022 |
| 15. Мај – Светски ден на борба против меланом на кожата, меѓународен ден за климатска акција | 16.5.2022 |
| 24. Март – Светски ден на борба против туберкулозата | 28.3.2022 |
| 12. Октомври – Европски ден на донирање на органи | 11.10.2021 |
| Примање на ХПВ вакцина за превенција на рак на грлото на матката за девојчиња | 5.10.2021 |
| Насоки и мерки за превенција од ковид | 1.9.2021 |
| Недела за борба против шеќерната болест | 4.10.2021 |
| Запознавање со протоколите и правилата на однесување за заштита од Ковид-19 | 2.9.2021 |
| Природни науки – Превентивен разговор за правилно конзумирање на овошје и зеленчук ,,Измиени плодови – чиста храна“ | 16.9.2021 |
| Природни науки – Чистотата е половина здравје | 20.9.2021 |
| Физичко и здр. образование – Улогата и значењето на физ. активности за правилен психофизички развој | 20.9.2021 |
| Градба и функција на оралната празнина – д-р Јулијана Стојанова | 29.9.2021 |
| Правилна исхрана и контрола на внесување на шеќери – д-р Јулијана Стојанова | 30.9.2021 |
| Приредба по повод свечениот прием на првачињата во Детската организација под мотото ,,Јас избирам здравје, а ти?“ | 8.10.2021 |
| Систематски преглед на учениците | 10.3.2022 |
| Светски ден на здравјето | 7.4.2022 |
| Говорна вежба: Чистотата е половина здравје | 15.10.2021 |
| Обработка на текстот ,,Маја кај заболекар” | 1.4.2022 |
| Час на одд. заедница – Водење грижа за личната хигиена, моја хигиена - моја одговорност | 20.10.2021 |
| Обработка на песна – Ако сакаш да си силен | 1.11.2021 |
| Одд. час – Јас и другите, користење на институциите за заштита и безбедност. Работилница, Како да се заштитам? | 22.12.2021 |
| Здрава храна, стекнување навики за здрава храна, пирамида на исхрана | 7.3.2022 |
| Грижа за хигиената во околината, уреден двор | 28.3.2022 |
| Јас и здравјето, здраво живеење. Превенција од болести и заболувања. Работилница - вирусите, бактериите и јас | 2.9.2021 |
| Животни процеси. Знаци на живот – што ни треба да останеме живи | 13.9.2021 |
| Разговор за хигиената на рацете за време на исхрана | 16.9.2021 |
| Еко тема: Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна | 5.11.2021 |

| | |
|---|---|
| Стекнување навики за здрава исхрана, квиз со храна, пирамида на исхрана | 3.3.2022 |
| Систематски прглед на учениците | 21.3.2022 |
| Развивање свест за сексуалното здравје – Приказна за раѓањето | 5.5.2022 |
| Избор на храна – здрав оброк | 18.5.2022 |
| Живот без храна и вода, одржување на здравјето | 11.5.2022 |
| Како правилно да ги измиете забите, паста за заби, која е најдобра? | 25.5.2022 |
| Забите кај човекот, различни заби различна исхрана | 1.6.2022 |
| Одржување на здравјето, колку шеќер содржат нашите омилени пијалоци | 30.5.2022 |

Во текот на целата учебна година 2021/22, се доставуваше секојдневно извештај до МОН, а со заболените ученици и вработени од Ковид-19 се постапуваше според протоколите и алгоритамот за Ковид-19.

**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**- дисциплина**

Наставниците, стручната служба, директорот и останатите вработени внимателно и одговорно се справуваа со редовноста на учениците за време на наставата како со физичко присуство, така и за учениците кои следат настава на далечина.

- **Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**



Во училиштето функционираше Еко одбор кој е одговорен за одржување на зградата и здрава животна средина во училиштето, естетско и функционално уредување на просторот во училиштето, како и уреден еколошки двор.

Се организираа акции за чистење на училиштето и на училишниот двор, средување на училиштето во текот на целото полугодие.

Во периодот на втората недела од месец декември 2019 год. е извршено новогодишно уредување на училишниот хол.

**- Етички кодекси**

Училиштето има кодекс за однесување на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите и другите вработени во училиштето на видно место каде секој може да го прочита. Кодексот содржи принципи, правила и обврски за сите структури во училиштето.

Од оваа учебна година се извршија измени во кодексите за физичко и за онлајн следење на наставата кај учениците и кај вработените во училиштето, родителите и наставниците. Новите кодекси беа изработени според насоките, упатствата и алгоритмите дадени од страна на МОН и Министерство за здравство.

**- Мултикултурализам**

Од оваа година започнува проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – проект на УСАИД, спроведен од Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), наставниците ќе реализираат МИО содржини, а тимот од училиштето е задолжен за спроведување на МИО активностите со партнер училиштето ООУ,,Наим Фрашери“ – Куманово.



**Односи меѓу сите структури**

Како и секоја учебна година и оваа постоеше професионална соработка меѓу вработените, заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училиштето. Постоеше континуирана соработка со семејството, особено родителите, пошироката јавност, претпријатија и организациите, институциите од различен карактер, со цел збогатување на воспитно-образовната работа.



***ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР***

**Детектирање на потребите и приоритетите**

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно се наметнува потребата самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Особено е актуелна потребата наставниците да се оспособуваат за користење современи методи во наставата со кои се овозможува воспитно-образовната работа да се сообразува со индивидуалните способности и развојните карактеристики на учениците.

Исто така, има потреба за оспособување на наставниците за изградување на системот на следење и оценување на постигнувањата на учениците, како и за оспособување на наставниците за самостојно вреднување на својата работа во наставниот процес.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи и претставници на УО. Поголем дел од определените компетенции во Годишната програма за личен професионален план не се реализирани во текот на оваа учебна година.

Дел од активностите,  наведени во определените компетенции коишто не беа реализирани во текот на оваа учебна година да се вметнат во наредната Годишна програма за личен професионален план.

Училишниот тим за професионален развој спроведува низа активности за детектирање на потребите и за избор на наставници за професионален развој:

Анкетирање на наставниците за нивните потреби од професионален развој;

Согледување на потребите од професионален развој на наставниот кадар, стручната служба и директорот;

Водење на база на податоци за посетени екстерни и интерни обуки, семинари и работилници на наставниот кадар, стручната служба и директорот;

Изготвување на извештаи за посетени екстерни и интерни обуки, семинари и работилници на наставниот кадар, стручната служба и директорот;

Реализација на интерни дисеминации.






Оваа учебна година 2021/2022, дел од обуките и семинарите се реализираа онјалн.

*Прилог: Табела за стручно и педагошко усовршување на наставниците и стручните соработници.*

*Прилог: Извештај за реализација на програмата за професионалнен развој 2021/2022 година.*

**ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО**

Семејствата и родителите на нашите ученици редовно се информирани и вклучени во сите активности кои ги планира и реализира училиштето. Родителите редовно се информираат за работењето на училиштето преку индивидуалните и групните родителски средби, седниците на Советот на родители и брошурите за родители. Родителите се вклучуваат во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето (лекар и стоматолог) и реализација на настава (експерти од одредени професии).

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот, со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот придонесува за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, директор), состаноци на Советот на родители, семејно советување, посета на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

**Вклучување на родителите во Советот на родители**

Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и за унапредување на реализација на наставата и вонаставните активности во училиштето.

Во Совет на родители е вклучен по еден родител како претставник од секое одделение од прво до деветто. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

**Информирање на родителите за работата на училиштето**

Родителите усно и писмено се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.



Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, директор), состаноци на Советот на родители, семејно советување, работилници со родителите на критичните групи ученици, информирање и вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

Во оваа учебна година одржани се 5 родителски средби.

**КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Улогата на комуникацијата со јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

Нашето училиште контиунуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовните установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ги презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, пошироката јавност и општината.

Училиштето преку својата работа остварува соработка со: училиштата од Општината, соработка со Локалната самоуправа, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС — Сектор за основно образование, Здравствените ординации во локалната средина, разни организации кои делуваат во околината.

Планирани се реализација на заеднички активности меѓу нашето училиште и другите училишта во општина Свети Николе: работилници, квизови на знаења, турнири, спортски натпревари, еколошки акции, реализација на наставни часови при посета на институциите и останати форми на соработка. Целта на планираните активности се другарување на учениците, размена на знаења и поттикнување на мултикултурната соработка и соживот на претставниците од сите заедници кои живеат на овој простор.

Училиштето соработува со центарот за социјални грижи за надминување на проблемите на учениците кои потекнуваат од дисфункционални семејства.

Голем број од овие активности во оваа учебна година се прекинати поради новонастаната ситуација со вирусот.

**Донесување одлуки**

Ова полугодие беше одржана една средба со Советот на родители, со цел да се консултираме за сите поважни работи кои се случуваат во училиштето и со заеднички договори доаѓаме до целта.

27.9.2021 год. – Разгледување и усвојување на записник од минатиот состанок, - Претставување на нови членови во Советот на родители, родителите беа информирани за годишниот извештај за работата од претходната учебна година и годишната програма за учебната 2021/22 год., -презентирање на Извештајот од спроведената Самоевалуација на училиштето во периодот од 2019-2021 год., - Избор на осигурителна компанија за осигурување на ученици 2021/2022 година, информирање за тековната реализација и организација на наставата со мерките и протоколите за Ковид-19, - Разгледување на барањето од родителите на учениците од 4-то одделение.

16.2.2022 год. – Разгледување и усвојување на записникот од минатиот состанок, - Разгледување, дополнување и усвојување на Полугодишниот извештај за работа на ООУ ,,Кирил и Методиј“ во текот на првото полугодие од учебната 2021/22 год., - Анализа на успехот, поведенито и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, -Разно.

1.3.2022 год. – Разгледување и усвојување на записникот од минатиот состанок, - Избор на членови од Советот на родители во Училиштен одбор, - Разно.

7.3.2022 год. – Разгледување и усвојување на записникот од минатиот состанок, - Констатирање на оставка на член од Советот на родители, - Избор на нов челн од Редот на Советот на родители во Училиштен одбор, -Разно.

24.3.2022 год. – Разгледување и усвојување на записникот од минатиот состанок, - Констатирање на оставка на член од Советот на родители, - Избор на нов челн од Редот на Советот на родители во Училиштен одбор, -Разно.

**Советодавна работа со родители и ученици**

Во текот на оваа учебна година советувани се 29 родители:

- 8  родители се советувани поради нередовност;

- 5 родители се советувани поради несоодветно однесување;

- 16 родители се советувани поради намален успех.

Во текот на оваа учебна година советувани се 26 ученици:

- 16 ученици беа сoватенувани поради намален успех;

- 5 ученици поради нередовност;

- 5 ученици за несоодветно однесување.

**КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

**Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)**

| Активност | Време на одржување | Бр. на ученици/вработени |
|---|---|---|
| Соработка со локална самоуправа | Континуирано во текот на целата година | Од 1 одд.-9 одд. |
